МАКЕДОНСКО ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЗАШТИТА ПРИ РАБОТА
MACEDONIAN OCCUPATIONAL SAFETY AND HEALTH ASSOCIATION

МАКЕДОНСКИ ILO/CIS КОЛАБОРАТИВЕН ЦЕНТАР
ILO/CIS COLLABORATING CENTRE IN MACEDONIA

Европска Агенција за Безбедност и Здравје при Работа

# Годишен извештај за 2012
# Смртни случаи, повреди и несреќи на работа

ул. 29 Ноември 50, Скопје, Македонија | Тел/Факс: +389 (0)2 2774 868
E-mail: kontakt@mzzpr.org.mk | Web: www.mzzpr.org.mk

## Предговор

Во време кога речиси секоја реченица започнува со анализа и предвидувања на ефектите кои ги има меѓународната криза врз нашето, но и врз бројни општества во непосредно и подалечно соседство, недвосмислено ја става во втор план цената на еден човечки живот. Се почесто компаниите ставени пред ѕидот на неизвесната иднина ги стегаат буџетите и под закрилата на “оптимизацијата” ги елиминираат сите трошоци за кои сметаат дека може да почекааат подобри денови. Едни од првите, следбено на информациите кои стигнуваат кај нас како Македонско здружение за заштита при работа, се буџетите за Лична заштитна опрема, како и подобрување на условите за работа. Веројатно и затоа оваа година имаме и благо зголемување на бројот на несреќи при работа со смртен исход.

Веројатно некаква светлост во тунелот кој се наоѓаме се надзира во делот на подигнувањето на свеста кај се повеќе вработени и работодавачи да зборуваат за заштитата при работа. Да покрај минималните законски обврски, да се обидуваат да размислуваат како превентивно да делуваат и да ги намалат ризиците на работните места, а со тоа да ги спречат несреќите да се случат. Надеж дава и придвижувањето кое се случи во изминатите години, во вискокообразовната свера, кога во 2010 година Македонското здружение за заштита при работа, во соработка со Универзитетот “Гоце Делчев” од Штип ги започнавме постдипломските студии по работна средина, па денес веќе да имаме три универзитети кои нудат додипломски и постдипломски студии за заштита при работа. Воедно, го воведовме и принципот на задолжителна континуирана едукација на сите стучни област од оваа област како законска обврска, се со цел да ние како нација имаме вистинска армија на професионалци кои ја унапредуваат оваа област.

Работите почнаа да се придвижуваат... Системот почнува да ги добива своите контури... Следуваат детските болести... Несреќите на работа се уште не потсетуваат дека не сме си ја завршиле работата!

Милан Петковски

Претседател на Македонското здружение за заштита при работа

П.С. Благодарам на сите колеги кои помогнаа во изготвувањето на овогодинешниот извештај за случените несреќи на работното место!

Милан Петковски

Претседател на Македонското здружение за заштита при работ

# ПОВРЕДИ СПОРЕД ГРАДОВИ

Во однос на местото, Скопје е град со најголем број на несреќи. По Скопје следат Штип и Куманово по број на несреќи, а најголем број на смртни случаи имаме во Струмица. Целосен преглед на повредите и несреќите по градови е прикажан во Табела 1.

***Табела 1***

| НЕСРЕЌИ ПО ГРАДОВИ | ПОВРЕДИ | СМРТНИ СЛУЧАИ | ВКУПНО |
|---|---|---|---|
| **Берово** | 4 | 0 | 4 |
| **Битола** | 12 | 3 | 15 |
| **Велес** | 2 | 2 | 4 |
| **Виница** | 0 | 1 | 1 |
| **Гостивар** | 5 | 1 | 6 |
| **Дебар** | 0 | 1 | 1 |
| **Делчево** | 1 | 1 | 2 |
| **Демир Хисар** | 0 | 1 | 1 |
| **Кавадарци** | 2 | 1 | 3 |
| **Кичево** | 0 | 1 | 1 |
| **Кочани** | 0 | 2 | 2 |
| **Кратово** | 1 | 1 | 2 |
| **Крива Паланка** | 1 | 0 | 1 |
| **Куманово** | 12 | 6 | 18 |
| **Македонска Каменица** | 1 | 0 | 1 |
| **Неготино** | 0 | 1 | 1 |
| **Охрид** | 0 | 1 | 1 |
| **Пехчево** | 0 | 1 | 1 |
| **Прилеп** | 1 | 1 | 2 |
| **Ресен** | 2 | 0 | 2 |
| **Свети Николе** | 0 | 1 | 1 |
| **Скопје** | 44 | 6 | 50 |
| **Струга** | 1 | 1 | 2 |
| **Струмица** | 1 | 9 | 10 |
| **Тетово** | 3 | 1 | 4 |
| **Штип** | 23 | 2 | 25 |
| | | | |
| **ВКУПНО** | 116 | 45 | 161 |



Повреди по градови за 2012
50
40
30
20
10
0
Берово
Битола
Велес
Виница
Гостивар
Дебар
Делчево
Демир Хисар
Кавадарци
Кичево
Кочани
Кратово
Крива Паланка
Куманово
Македонска ...
Неготино
Охрид
Пехчево
Прилеп
Ресен
Свети Николе
Скопје
Струга
Струмица
Тетово
Штип
Повреди по градови за 2012




Смртни случаи по градови за 2012
10
8
6
4
2
0
Берово
Битола
Велес
Виница
Гостивар
Дебар
Делчево
Демир Хисар
Кавадарци
Кичево
Кочани
Кратово
Крива Паланка
Куманово
Македонска ...
Неготино
Охрид
Пехчево
Прилеп
Ресен
Свети Николе
Скопје
Струга
Струмица
Тетово
Штип
Смртни случаи по градови за 2012




Вкупно несреќи по градови за 2012
60
50
40
30
20
10
0
Берово
Битола
Велес
Виница
Гостивар
Дебар
Делчево
Демир Хисар
Кавадарци
Кичево
Кочани
Кратово
Крива Паланка
Куманово
Македонска ...
Неготино
Охрид
Пехчево
Прилеп
Ресен
Свети Николе
Скопје
Струга
Струмица
Тетово
Штип
Вкупно несреќи по градови за 2012

# НЕСРЕЌИ СПОРЕД ДЕЈНОСТИ

Несреќите по дејности се класифицирани според националната класификација на дејности (НДК) . Во 2012 година најмогу несреќи има во дејноста "Јавна управа и одбрана, задолжително социјално осигурување" по што следи "Градежништвото". Најголем број на несреќи кои резултирале во смрт има во Дејности на домаќинствата како работодавачи, по што следи дејноста "Транспорт и складирање. Целосниот преглед е претставен воТабела 2.

***<u>Табела 2</u>***

| ДЕЈНОСТ | КЛАСА | ПОВРЕДИ | СМРТНИ СЛУЧАИ | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| Земјоделство, шумарство и рибарство | A/A 01 | 1 | | 1 |
| | A/A 02 | | 4 | 4 |
| Рударство и вадење камен | B/Б 07 | 2 | 1 | 3 |
| | B/Б 08 | | 1 | 1 |
| Преработувачка индустрија | C/B 10 | 1 | | 1 |
| | C/B 16 | 2 | | 2 |
| | C/B 22 | 4 | | 4 |
| | C/B 23 | 1 | | 1 |
| | C/B 24 | 1 | | 1 |
| Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација | D/Г 35 | 4 | 2 | 6 |
| Снабдување со вода, отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината | E/Д 38 | 1 | 1 | 2 |
| Градежништво | F/Ѓ 41 | 25 | 3 | 28 |
| | F/Ѓ 42 | 4 | 3 | 7 |
| | F/Ѓ 43 | 6 | 3 | 9 |
| Трговија на големо и трговија на мало, поправка на моторни возила и мотоцикли | G/E 45 | 3 | | 3 |
| | G/E 47 | 2 | | 2 |
| Транспорт и складирање | H/Ж 49 | 6 | 7 | 13 |
| | H/Ж 52 | | 1 | 1 |
| | H/Ж 53 | 1 | | 1 |
| Дејности за подготовка на оброци и служење храна | I/З 56 | 2 | | 2 |
| Издавачка дејност | J/S 58 | 1 | | 1 |
| Телекомуникации | J/S 61 | 1 | | 1 |
| Јавна управа и одбрана, задолжително социјално осигурување | O/Љ 84 | 45 | | 45 |
| Образование | P/M 85 | 1 | | 1 |
| Дејности на здравствена и социјална заштита | Q/H 86 | 1 | 1 | 2 |
| Дејности на домаќинствата како работодавачи; дејности на домаќинствата кои произведуваат разновидна стока и вршат различни услуги за сопствени потреби | T/П 98 | 2 | 17 | 19 |
| Недефинирано | | 1 | | |
| ВКУПНО | | 116 | 45 | 161 |

Како и изминатите години, така и оваа, при смртен случај или потешка повреда на работно место постојат различни инспекциски служби кои се надлежни за вршење увид. Во рударството увид во несреќите врши рударски инспектор. Инспекцијата за заштита при работа во состав на Министерството за труд и социјална политика не врши увид и не води евиденција за несреќи на работници во сообраќај, во секторот на полиција, одбрана и за несреќи настанати при вршење дејност во домаќинствата. Поради ова постои можност за разлика во бројките за несреќи кои ги водат различни институции.

Во делот на дејности на домаќинствата, исто како и во минатите две години, најголемиот број на несреќи се несреќи со земјоделска машина односно трактор, при вршење на земјоделски работи, транспорт или како учесници во сообраќај. Доколку овие лица биле регистрирани како земјоделци тогаш голем дел од овие несреќи би поминале во групата на земјоделие.

## ПРИЧИНИТЕЛИ НА НЕСРЕЌА НА РАБОТА

Поради потребата од детална истрага и анализа за да се утврдат вистинските причинители за секоја повреда или смртен случај, не сме во можност да направиме соодветна класификација. Односно најчесто од нашите извори (медиуми) немаме целосни податоци за причинителот на повредата или целосен и точен опис на настанот. Ова ќе можеме да го класифицираме во моментот кога за извори на податоците ќе имаме релевантни податоци согласно одредена методологија на водење на несреќите.

## ПОДЕЛБА НА НЕСРЕЌИТЕ ПО ДЕНОВИ

Бидејки податоците кои ги објавуваме се однесуваат на сите дејности согласно НКД постои изедначеност на несреќите по денови. Затоа имаме несреќи при вршење дејност и во сабота или недела. При оваа анализа утврдено е дека најмногу несреќи се случиле во вторник, но најголем број на смртни случаи имало во сабота.

***Табела 3***

| ДЕН ВО НЕДЕЛАТА | БРОЈ НА НЕСРЕЌИ | ПОВРЕДИ | СМРТ |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **ПОНЕДЕЛНИК** | 28 | 24 | 4 |
| **ВТОРНИК** | 45 | 37 | 8 |
| **СРЕДА** | 18 | 15 | 3 |
| **ЧЕТВРТОК** | 12 | 7 | 5 |
| **ПЕТОК** | 12 | 6 | 6 |
| **САБОТА** | 31 | 19 | 12 |
| **НЕДЕЛА** | 15 | 8 | 7 |
| | | | |
| | | | |
| **ВКУПНО** | | | |
| | 161 | 116 | 45 |


Повреди по денови во неделата
40
35
30
25
20
15
10
5
0
Понеделник
Вторник
Среда
Четврток
Петок
Сабота
Недела
Повреди по денови во неделата


Смртни случаи по денови во неделата
14
12
10
8
6
4
2
0
Понделник
Вторник
Среда
Четврток
Петок
Сабота
Недела
Смртни случаи по денови во неделата


Вкупно несреќи по денови во неделата
50
40
30
20
10
0
Понеделник
Вторник
Среда
Четврток
Петок
Сабота
Недела
Вкупно несреќи по денови во неделата

# НЕСРЕЌИ ПО МЕСЕЦИ

Според резултатите добиени од анализа на несреќите при работа, по месецот во кој се случиле можеме да видиме дека најмногу несреќи се случиле во јули, кога имаме и најголем број на смртни случаи. Најголем дел од несреќите се случиле во летните месеци, бидејќи е тоа период на интензивно извршување на градежни работи. И повторно помал број на несреќи како и минатите години имаме во зимските месеци, поради намалената активност. Прегледот по месеци е даден во Табела 4.

***Табела 4***

| МЕСЕЦ | БРОЈ НА НЕСРЕЌИ | ПОВРЕДИ | СМРТ |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **ЈАНУАРИ** | 10 | 9 | 1 |
| **ФЕБРУАРИ** | 14 | 12 | 2 |
| **МАРТ** | 16 | 11 | 5 |
| **АПРИЛ** | 7 | 5 | 2 |
| **МАЈ** | 6 | 1 | 5 |
| **ЈУНИ** | 13 | 10 | 3 |
| **ЈУЛИ** | 41 | 32 | 9 |
| **АВГУСТ** | 8 | 0 | 8 |
| **СЕПТЕМВРИ** | 20 | 15 | 5 |
| **ОКТОМВРИ** | 12 | 10 | 2 |
| **НОЕМВРИ** | 7 | 5 | 2 |
| **ДЕКЕМВРИ** | 7 | 6 | 1 |
| | | | |
| **ВКУПНО** | 161 | 116 | 45 |


Повреди по месеци
35
30
25
20
15
10
5
0
Јануари
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември
Повреди по месеци


Смртни случаи по месеци
10
8
6
4
2
0
Јануари
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември
Смртни случаи по месеци


Вкупно несреќи по месеци
45
40
35
30
25
20
15
10
5
0
Јануари
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември
Вкупно несреќи по месеци

# НЕСРЕЌИ ПО ВОЗРАСТ

Според добиените податоци најголем број несреќи се случиле на лица за на возраст помеѓу 45 и 54 години. Најголем број на несреќи со фатален исход има во категориите на работници кои се наоѓаат на возраст помеѓу 35 - 44 и 45 - 54.исто како и минатата година.Сепак мора да истакнеме дека за најголемиот број на несреќи нема податоци за возраста. Целосниот преглед на несреќи според возраста можете да го погледнете во Табела 5.

***<u>Табела 5</u>***

| | | | |
|---|---|---|---|
| **ВОЗРАСТ** | **БРОЈ НА НЕСРЕЌИ** | **ПОВРЕДИ** | **СМРТ** |
| | | | |
| **ПОД 18** | 0 | 0 | 0 |
| **18 - 24** | 9 | 8 | 1 |
| **25 - 34** | 11 | 7 | 4 |
| **35 - 44** | 18 | 10 | 8 |
| **45 - 54** | 20 | 8 | 12 |
| **55 - 64** | 17 | 6 | 11 |
| **НАД 64** | 8 | 1 | 7 |
| **НЕПОЗНАТО** | 78 | 76 | 2 |
| | | | |
| **ВКУПНО** | 161 | 116 | 45 |


Повреди по возраст
80
70
60
50
40
30
20
10
0
Под 18
18 - 24
25 - 34
35 - 44
45 - 54
55 - 64
Над 64
Непознато
Повреди по возраст


Смртни случаи по возраст
14
12
10
8
6
4
2
0
Под 18
18 - 24
25 - 34
35 - 44
45 - 54
55 - 64
Над 64
Непознато
Смртни случаи по возраст


Вкупно несреќи по возраст
90
80
70
60
50
40
30
20
10
0
Под 18
18 - 24
25 - 34
35 - 44
45 - 54
55 - 64
Над 64
Непознато
Вкупно несреќи по возраст

## НЕСРЕЌИ ПО ПОЛ

Во согласност со нашите податоци,и оваа година поголемитот број на повреди и смртни случаи спаѓаат во категоријата мажи. Од вкупно 161 случена несреќа, само 4 од нив спаѓаат во категоријата жени.

***Табела 6***

| ПОЛ | ПОВРЕДИ | СМРТНИ СЛУЧАИ | БРОЈ НА НЕСРЕЌИ |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **МАЖИ** | 113 | 44 | 157 |
| **ЖЕНИ** | 3 | 1 | 4 |
| | | | |
| **ВКУПНО** | 116 | 45 | 161 |









# ИЗВОР НА ПРИБИРАЊЕ НА ПОДАТОЦИ НА НАСТАНАТИ НЕСРЕЌИ ПРИ РАБОТА

Македонското здружение за заштита при работа како извор за добивање на податоци за настанати несреќи при работа во 2012 -та година, ги користеше информациите објавени во пишаните медиуми во Р.Македонија. Добиените информации за настанати несреќи при работа од медиумите, беа основа за направената анализа на податоците која е прикажана претходно.

Македонското здружение за заштита при работа, со цел добивање на комплетни податоци за настанати несреќи при работа и смртни случаеви во Р. Македонија за 2012 год., побара официјални податоци за истите од:

- Државен завод за статистика на Р. Македонија
- ЈЗУ Институт за јавно здравје
- Државен инспекторат за труд
- Фонд за здравствено осигурување на Македонија
- Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија
- ЈЗУ Институт за медицина на трудот на Р. Македонија - Скопје
- Организација на работодавачи на Македонија
- Сојуз на синдикатите на Македонија
- Конфедерација на слободни синдикати на Македонија

РЕЗИМЕ

Повторно сметаме дека е потребно да нагласиме, дека целта на овој извештај е поттикнување на оние кои што учествуваат во овој процес, да вложат максимален напор кон добивање на усогласени податоци ,за реалната состојба во областа на водење евиденции во областа на безбедноста и здравјето при работа.

Целта не е само усогласување на бројките, туку овие бројки поткрепени со низа други статистички податоци, да бидат анализирани за да добиеме одредени заклучоци, да видиме каде се слабостите и да предлагаме соодветни мерки за надминување на проблемите. Доколку само добиеме релевантни бројки без соодветна анализа целта е промашена. Овој процес мора реално да заживее и во Р. Македонија.

Покрај донесените законски решенија за водење на евиденција во оваа област потребно е и донесување на подзаконски акти кои точно ќе ги дефинираат потребните податоци при евидентирањето, кои се потребни за подетални истраги, донесување заклучоци и предлагање соодветни мерки.

Меѓутоа неретко во пракса се сретнуваме со недоволно познавање на обврските на лицата кои треба да учествуваат во деловите од процесот, како и немарниот пристап поради непознавање или други побуди. Поради тоа е потребно воведување на одговорност на сите учесници во процесот од лицата кои ги пополнуаат потребните документи до оние кои вршат нивна обработка. Исто така по усвојување на потребните обрасци потребно е да се изврши соодветна обука на сите кои учествуваат во процесот.

Во овој момент освен податоците на Државниот инспекторат за труд, кои произлегуваат од извршени увиди во несреќи при работа, ниту едни други податоци не можат сериозно да се анализираат и да се изведат соодветни заклучоци.

Доколку сакаме побрзи приближување кон Европската унија ни претстои само уште мал број на подзаконски акти со кои ќе се оведе ESAW – Методологијата и многу работа за нејзино спроведување.